Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), а во врска со членовите 7 и 8 од Законот за надзор на државната граница („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.03.2007 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален координативен центар за гранично управување (во натамошниот текст: Национален координативен центар).

Член 2

Националниот координативен центар како координативно тело на Владата на Република Македонија има за цел да врши ефикасна координација, олеснување на размената на податоци и информации и поголема интеграција во граничното управување.

Член 3

Националниот координативен центар е составен од координатор, заменик координатор, десет претставници од Министерството за внатрешни работи и по еден претставник и нивен заменик од Министерството за финансии – Царинска управа и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 4

Во работата на Националниот координативен центар со по еден претставник и нивен заменик учествуваат и Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и Дирекцијата за радијациона сигурност.

Член 5

Националниот координативен центар е сместен во објектот на граничната полиција во Министерството за внатрешни работи.

Член 6

Средствата за работа на Националниот координативен центар ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1420/1
13 март 2007 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.